Општина Демир Хисар објави Оглас за барање за прибирање на понуди за изработка на целокупна планска и Проектна документација за изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Жван. Вкупната проценета вредност изнесува 635.000,00 денари. Еден дел од средствата се обезбедени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, а останатиот дел од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година. Се очекува постапката за јавна набавка да заврши до средината на месец јули, а рокот за изработка на проектната документација е шеесет дена од склучување на договорот за јавна набавка.

Комисија за јавни набавки

Претседател

Влатко Станковски